Уп. бр.08-74

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Централ Азија Металс Лтд, со регистрирано седиште на Мастерс Хаус, 107 Хамерсмит Роуд, Лондон, ВВ14 0ЌХ, Обединето Кралство, преку полномошник Божидар Милошевиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.05.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Централ Азија Металс Лтд, со регистрирано седиште на Мастерс Хаус, 107 Хамерсмит Роуд, Лондон, ВВ14 0ЌХ, Обединето Кралство, стекнува самостојна контрола над друштвото Абердин Минералс Лтд, со регистрирано седиште на адреса Гудвуд Хаус, Блекбрук Парк Авењу, Таунтон, Сомерсет, Обединетото Кралство, ТА1 2ПКС, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 05.04.2024 година, а дополнето на 12.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија), беше доставено известување за концентрација од страна на Централ Азија Металс Лтд, со регистрирано седиште на Мастерс Хаус, 107 Хамерсмит Роуд, Лондон, ВВ14 0ЌХ, Обединето Кралство, со која Централ Азија Металс Лтд стекнува самостојна контрола над друштвото Абердин Минералс Лтд, со регистрирано седиште на адреса Гудвуд Хаус, Блекбрук Парк Авењу, Таунтон, Сомерсет, Обединетото Кралство, ТА1 2ПКС.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Централ Азија Металс Лимитед** - („ЦАМЛ“) е друштво кое котира на AIM пазарот управуван од Берзата во Лондон (London Stock Exchange). ЦАМЛ е владејачко друштво од Обединетото Кралство за групата на друштва („ЦАМЛ Група“) кои се занимаваат со:

- обработување и последователно производство на бакарни катоди, од секундарни рударски техники;
- идентификување, истражување и развој на депозити на базни метали примарно во регионот на Централна Азија, но исто така и на светско ниво; и
- производство или обработка на оловен и цинков концентрат.

ЦАМЛ е присутна во Република Северна Македонија преку зависните друштва:

- ЦМК Европа ДООЕЛ Скопје - („ЦМК Европа“), со регистрирано седиште на ул. 27 март бр. 11, Скопје – Центар, Република Северна Македонија, а истото не врши самостојни деловни активности туку единствено дејствува како холдинг друштво на Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица, и

- Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица - („САСА“) со регистрирано седиште на ул. Рударска бр. 28, Македонска Каменица, Република Северна Македонија. САСА е носител на концесии за експлоатација на суровини од олово и цинк и има регистрирана деловна активност – вадење на други руди на обоени метали. Произведениот оловен и цинков концентрат, според берзански формирани цени, се извезува од страна на друштвото и се носи до топилници за обработка во странство.

**Абердин Минералс Лтд** е друштво во приватна сопственост, регистрирано во Обединетото Кралство, кое инвестира во истражување на минерални суровини на наоѓалишта на никел, бакар и кобалт во североисточна Шкотска.

Тековната работа на Абердин Минералс Лтд за истражување на минерали е фокусирана на проектот за никел-бакар-кобалт Артрат во Абердиншајр, каде што се наоѓаат најголемите наоѓалишта на никел во Обединетото Кралство. Друштвото исто така го истражува поширокиот потенцијал за минерални суровини во поширокиот регион и областите на североисточна Шкотска кои се сметаат за геолошки поволни.

Абердин Минералс Лтд нема регистрирано присуство и нема извршувано било какви активности на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.
Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**